земјата, во период од шест месеци (180 дена). Овој период се смета од вашиот прв влез на територијата во рок од шест месеци. На пример, доколку сте влегле во Шенген-зоната на 1 февруари, следниот шестмесечен период започнува на 1 август. Ако често патувате во Шенген-зоната, ваша е одговорноста да го пресметате преостанатиот број на денови од шестмесечниот период.

Оттаму, може да остварите повеќе кратки патувања, под услов времетраењето на тие патувања да не е подолго од вкупно 90 дена во период од шест месеци.

## Дали можам да живеам и работам во Шенген зоната според новите правила?

Новите правила се однесуваат само на патувањата. Според новите правила, граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија не добиваат право да престојуваат повеќе од 3 месеци или пак да се вработат во наведените земји.

Доколку планирате да останете подолго од три месеци, да се вработите или пак да студирате во временски период подолг од 90 дена, имајте предвид дека пред вашето заминување, мора да поднесете апликација за виза за долг престој, дозвола за престој или работна дозвола во амбасадата или конзулатот на земјата во која ќе патувате.

Работа или престој во Шенген-зоната без релевантна национална дозвола за работа или престој се незаконски.

## Дали има други услови за влез во наведените земји?

Не постојат дополнителни финансиски или административни услови кои треба да ги исполнуваат лицата кои поседуваат биометриски пасош за да патуваат слободно во земјите од Шенген-зоната. Меѓутоа, вообичаените услови за влез на сите државјани на други земји кои патуваат во Шенген-зоната се применуваат.



На граничните премини, на патниците може да им бидат побарани докази дека располагаат со средства за тоа патување, како и со средства со кои ќе се издржуваат во текот на престојот во Шенген-зоната. На патниците, исто така, може да им биде побарано да покажат каде ќе престојуваат (на пример, хотелска резервација или адресата на која ќе престојуваат). Покрај тоа, патниците не треба да се сметаат за закана за јавниот ред, јавното здравје или внатрешната безбедност, и не треба да се лица за кои се доставени предупредувања за одбивање на нивниот влез во земјата. Граничните власти на земјите-членки имаат право да одбијат влез доколку тие услови не се исполнети и тие ја носат крајната одлука за влез (Член 5 од Шенген Конвенцијата).

На граничниот премин со Грција ќе се применува посебна процедура. Грчките власти нема да ставаат печати за влез и излез од земјата во пасошите кои се издадени од Поранешна Југословенска Република Македонија. Грчките власти ќе ставаат печати на посебен документ кој ќе му биде даден на патникот.

## Препораки за патниците

- Патувајте со сигурни туристички агенции.
- Проверете дали треба да обезбедите здравствено осигурување и под кои услови (документ/потврда од главната здравствена установа). Се препорачува да поседувате здравствено осигурување.
- Доколку патувате со возило во Шенген-зоната, мора да поседувате валидна меѓународна возачка дозвола и меѓународно осигурување за возилото (зелена карта).
- Доколку патувате во приватен аранжман, проверете ја адресата, градот, телефонскиот број и името на хотелот или друг вид на сместување во земјите од Шенген-зоната или на пребарувачите на интернет.

Европскиот број за итни случаи е 112 и се применува за сите земји на ЕУ (за полиција, прва помош или противпожарни бригади).

*За дополнителни информации, посетете ја нашата веб страница:* ***http://www.delmkd.ec.europa.eu/***
*или контактирајте со амбасадата или конзулатот на земјата во која патувате.*

Делегација на Европската Унија
Мито Хаџивасилев Јасмин 52в, 1000 Скопје
Тел: (+389 2) 3248 500/ Факс: (+389 2) 3248 501
Е-пошта: Delegation-FYRMacedonia@ec.europa.eu

# Безвизно патување за граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија



## Пристигна безвизното патување за граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија

Почнувајќи од 19 декември 2009, на граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија повеќе нема да им треба виза за да патуваат во 25 земји-членки на ЕУ и три земји кои не се членки на ЕУ, но се дел од Шенген-зоната. Граѓаните кои поседуваат биометриски пасош сега може слободно да патуваат во овие земји заради бизнис, студирање или туризам, и да престојуваат до 90 дена, во период од шест месеци.

## Во кои земји сега може да се патува без виза?

Новите правила се применуваат во сите земји-членки на ЕУ, освен Велика Британија и Ирска, како и во Исланд, Норвешка и Швајцарија.

*Листа на земји:*

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Австрија,* | *Финска,* | *Летонија,* | *Португалија,* |
| *Белгија,* | *Франција,* | *Литванија,* | *Романија,* |
| *Бугарија,* | *Германија,* | *Луксембург,* | *Словачка,* |
| *Кипар,* | *Грција,* | *Малта,* | *Словенија,* |
| *Чешка Република,* | *Унгарија,* | *Холандија,* | *Шпанија,* |
| *Данска,* | *Исланд,* | *Норвешка,* | *Шведска,* |
| *Естонија,* | *Италија,* | *Полска,* | *Швајцарија.* |





## Зошто се исклучени Велика Британија и Ирска?

Велика Британија и Ирска остануваат надвор од Шенген-зоната, и оттаму новите правила не се применуваат во нив. Информации за условите за влез во овие две земји за граѓаните на Поранешна Југословенска Република Македонија може да се добијат во конзуларните претставништва на Велика Британија и Ирска.

## Како да знам дали мојот пасош е биометриски?

Биометриските пасоши во Поранешна Југословенска Република Македонија се издаваат од април 2007. Проверете дали на корицата на вашиот пасош стои овој симбол.



Доколку овој симбол се наоѓа на корицата, вашиот пасош е биометриски и вие може да патувате без виза во наведените земји.

## Доколку не поседувам биометриски пасош, како можам да го извадам?

Доколку не поседувате биометриски пасош, потребно е да извадите нов пасош од надлежните служби за да може да патувате во наведените земји без виза.



## Дали сé уште можам да патувам со мојот стар, небиометриски пасош?

Бидејќи небиометриските пасоши не ги исполнуваат условите за безвизно патување, ќе можете да патувате само доколку имате обезбедено валидна Шенген виза. За повеќе информации, обратете се кај надлежните власти во вашата земја или конзуларните претставништва на земјите од Шенген-зоната.

## Според новите правила, колку време патниците може да останат во Шенген-зоната?

Во согласност со новите правила, граѓаните кои поседуваат биометриски пасош може да останат во Шенген-зоната (сите земји-членки на ЕУ, освен Велика Британија и Ирска, како и во земјите кои се дел од Шенген-зоната: Швајцарија, Норвешка и Ирска) максимум до 90 дена сметано од денот на влез во